КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
Бр. Nr 08-347/3
19-09-2022 20 година
СКОПЈЕ - SHKUP

Постапувајќи по претставка со архивски број 0801-347/1 од 22.06.2022 поднесена од [redacted]-Скопје против Министерство за внатрешни работи и Итна медицинска помош за сторена дискриминација врз основ на раса, боја на кожа, национална, етничка припадност и општествен статус, во областа на пристап до добра и услуги, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1 точка 14 и член 27, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Р.С. Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020) на 16.09.2022 го донесе следново

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основ на раса, боја на кожа, национална, етничка припадност и општествен статус, во областа на пристап до добра и услуги од страна на Министерство за внатрешни работи и Итна медицинска помош.

## Образложение

На 22.06.2022 до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација е доставена претставка за сторена дискриминација врз основа на раса, боја на кожа, национална, етничка припадност и општествен статус, во областа на пристап до добра и услуги.

Во претставката подносителот наведува дека на 19.05.2022 година околу 12:30 часот, во просториите на [redacted]- Шуто Оризари биле исконтактирани од страна на доктор од приватна поликлиника [redacted] кој има ординација во рамките на Здравствениот дом Шуто оризари. Тие се обратиле до нивните две граѓански организации, [redacted] од Шуто Оризари и [redacted] Скопје, со цел да помогнат на жена која е бездомно лице и уште од раните утрински часови се наоѓала во дворот на нивната поликлиника. По допрениот глас, параправничките [redacted] заедно со правникот и социјалниот работник од [redacted] се упатиле кон истата. Кога пристигнале во дворното место од поликлиниката [redacted] наишле на жена во лоша здравствена состојба која лежела на подот во самиот двор. Докторката ги известила дека уште од раните часови кога првпат ја забележала жената дека лежи во дворот, по пружање на помошта, се обидувала телефонски да стапи во контакт со Меѓуопштински центар за социјална работа Шуто Оризари, на што ниту еднаш немала одговор. Таа се обидела да го исконтактира и Полициското одделение Шуто Оризари но и таму не и одговорил никој на нејзините позиви. Бидејќи станува збор за лице кое не е официјално заверено како бездомно лице и е примател на пензија на починатиот сопруг, од Меѓуопштински центар добиле одговор дека не се надлежни за овој случај.

Следно било исконтактирано Полициското одделение Шуто Оризари од каде службеното лице имало крајно незаинтересиран однос велејќи им дека тие како полиција немаат што да и направат и кај да ја испратат. Полицијата ги известила дека неколку пати ја


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

враќале дома кај децата на нејзиниот починат сопруг, но таа сама си заминувала, за што подносителите сметаат дека полицијата воопшто не водела сметка дали станува збор за семејно насилство. Подносителите се јавиле и во Централата на МВР, ги известиле за настанот и за односот на полицискиот службеник од Шуто Оризари но од таму добиле одговор дека единствено што може да направат е да ја приведат и да ја сместат 48 часа кај нив. Подносителите на претставка се обиделе да стапат во контакт и со Црвен крст, ги исконтактирале преку нивната СОС линија бидејќи истите имаат повремено сместување на бездомни лица и од таму добиле информација дека кај нив се сместуваат бездомни лица само во екстремно лоши услови.

Во меѓувреме постојано се обидувале да стапат во контакт со Итна медицинска помош, кои што дошле после час и половина. Во претставката е наведено дека во текот на чекањето неколку пати се обиделе да добијат информација дали возилото е пратено на адресата на што добиле одговор дека немаат екипа и дека немаат возила, биле многу непрофесионални, имале арогантен однос и воопшто не им дале одговор кога ќе пристигне возилото. Како докази во претставката се приложени фотографија од жената која што лежи на под, своерачно потпишани изјави [redacted] од [redacted] од Шуто Оризари и [redacted] работник во [redacted] Скопје.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација сметаше дека наводите од претставката и приложените докази го прават тврдењето на подносителот веројатно и дека товарот на докажување треба да премине на потенцијалните дискриминатори. На 05.07.2022 Комисијата согласно чл. 24, ст. 7 и чл. 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација достави Известување со барање за произнесување по наводите од претставката до Полициско одделение Шуто Оризари, Итна медицинска помош Скопје, Министерство за внатрешни работи-Централа МВР.

На 05.08.2022 Министерство за внатрешни работи, Оддел за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди достави поднесок за произнесување по наводите од претставката. Во изјаснувањето е наведено дека од извршениот службен разговор со двајцата униформирани полициски службеници од Полициското одделение Шуто Оризари кои на ден 19.05.2022 година согласно распоредот за работа на смена од 07.00 до 19.00 извршиле службени задачи за прием на пријави од граѓани, истите писмено појасниле дека во наведениот период не примиле пријава од граѓанин за настанот каков што е наведен во претставката.

Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди со писмено Барање бр. 14.2.1-1367/2 од 26.07.2022 година се обратила до Единицата за информации и команда во чија надлежност е телефонскиот број за прием на пријави од граѓани 192, со барање да им достават известување дали на ден 19.05.2022 година во наведениот временски период е примена телефонска пријава од граѓанин за конкретниот настан.


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Единиците за информации и команда со акт бр. 22.21-8137/1 од 27.07.2022 година им доставила известување дека од извршените проверки во снимените аудио записи за посочената дата и време не е пронајден настан или било какво телефонско јавување на телефонската линија 192. Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди утврдила дека нема докази со кои можат да се потврдат или отфрлат наводите изнесени во претставката на Здружението иницијатива за правата на жените од Шуто Оризари поднесена преки Комисијата за спречување и заштита од дискриминација за непрофесионално постапување на полициски службеници од Полициско одделение Шуто Оризари и полициски службеници од Единицата за информации и команда 192 при Секторот за внатрешни работи Скопје.

Доставата на барањето за произнесување по претставка до Итна медицинска помош беше неуспешна и вратена од пошта со назнака "непознат". Од таа причина, на 12.08.2022 година Комисијата достави барање за доуредувањето до подносителот на претставка, за што по кратко време Комисијата беше известена дека немаат конкретна информација за точната адреса, односно ја имаат само таа што е ставена на јавните портали на интернет.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација при разгледувањето на претставката, достапните докази, како и одговорот на претставката, утврди дека не можат да се најдат никакви факти и докази дека е извршена дискриминација врз основа на раса, боја на кожа, национална, етничка припадност и општествен статус, во областа на пристап до добра и услуги.

За да стане збор за дискриминација потребно е да се исполни условот на споредлива ситуација во која едно лице е ставено во понеповолна положба или третман кој го има или би можело да го има друго лице во исти или слични услови, односно во конкретниот случај не постои нееднаков третман. Во конкретниот случај како компаратор може да се земат другите региони во градот, но подносителите на претставка не прават веројатно ниту пак нудат докази со кои што може да се утврди дека третманот на лицата во други региони е поинаков за разлика од овој регион каде што поголемиот дел од населението е Ромска етничка припадност. За наводот дека лицето не е сместено во Меѓуопштински центар за социјални работи и дека заради ота е дискриминирано, Комисијата констатира дека согласно член 31 од Законот за социјална заштита право на згрижување во центар за дневно и привремено прифаќање и згрижување се обезбедува на бездомни лица, а како што е наведено и во претставката тоа не е случај со жената бидејќи има лична карта и адреса на живеење и поради тоа не е заверена како бездомно лице.

Што се однесува до наводот за арогантноста и доцното пристигнувањето на Итна медицинска помош, Комисијата смета дека нема доволно факти со кои што би се потврдило дека тоа е заради наведените основи во претставката. Разговорот се водел телефонски и спротивната страна не би можела да ги увиди личните карактеристики на лицето кому му е потребна медицинска помош, поготово ако земеме во предвид дека повикот за Итна медицинска помош е сторен од страна на докторката од [redacted]. Иако со задоцнување, Комисијата го ценеше и фактот дека Итната медицинска помош сепак стигнала на местото и пружила помош на наведеното лице.


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република
Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of
North Macedonia

+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Имајќи го предвид горенаведеното, Комисијата констатира дека во конкретниот случај не е исполнета законската дефиниција за дискриминација кој гласи:

*"Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите."*

Согласно надлежностите од член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, врз основа на погоре изнесеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, одлучи како во диспозитивот на мислењето дека во конкретниот случај не е сторена дискриминација од страна на Министерство за внатрешни работи и Итна медицинска помош врз основ на раса, боја на кожа, национална, етничка припадност и општествен статус, во областа на пристап до добра и услуги.

Скопје
19.09.2022

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација

Претседател
Кире Василев

Доставено до:

1. [redacted]
2. Министерство за внатрешни работи, Ул. Димче Мирчев бр 9, Скопје
3. Архива на КСЗД


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република
Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of
North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk